Врз основа на член 84-б став (4) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ СО СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ТРАНСАКЦИСКАТА СМЕТКА ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот за финансиските извештаи со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања.

### Член 2

Приходите и расходите на трансакциската сметка за изборната кампања се внесуваат на образец „Финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања за период од ____ до ____ 20___“, во А-4 формат на бела хартија кој на задната страна содржи Упатство за пополнување, даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за образецот за финансиските извештаи за приходите и расходите за изборната кампања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/11 и 21/13).

### Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 13-8765/1
01 септември 2017 година
Скопје

Министер за финансии
д-р Драган Тевдовски, с.р.